ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 29.07.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ПРОПИШУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ

По голем број на поплаки на осигуреници како и извршени теренски контроли кои беа наменети за начинот на пропишување на лекови на рецепт, ФЗОМ увиде општа неправилност со која најмногу се оштетени осигурениците.

Имено, со започнување на проектот печатен рецепт некои од програмерските куќи имаат овозможено опција да покрај генеричкото име на лекот, на рецептот може да се дополни и заштитено име на лек. Со ваквото решение се оневозможува пациентот да  има слободен избор на лек од иста генерика т.е. да избере лек без доплата или лек со доплата од определен производител. Овој начин на пропишување е спротивен на договорот кои го имаат склучено избраните лекари, спротивен е и на многу годишната пракса на пропишување на лекови по генерика. Токму поради тоа и осигурениците кои имале рецепти со дополнето заштитено име најчесто се враќале кај матичните лекари за да им биде пропишан нов рецепт само со генеричко име на лек.

Од сето горе неведено стапувајќи во сила **<u>веднаш, ФЗОМ забранува</u>** избраните лекари да дополнуваат на рецептниот образец на ФЗОМ, заштитено име на лек.

Напоменуваме и апелираме да избраните лекари го почитуваат Договорот со ФЗОМ посебно во делот на членовите 16 и 34. На тој начин се овозможува квалитетна услуга на товар на ФЗОМ за осигурениците и се овозможува ефикасно и унифицирано работење на сите чинители на примарната здравствена заштита.

Бранко Аџигогов
Портпарол